# Hakan Wiberg: *In Memoriam*

*Билјана ВАНКОВСКА* 929Wiberg, H.

Речиси во истиот момент во кој се израдувавме на објавувањето на првиот број на списанието *Безбедносни дијалози*, стаса и тажната вест. Нашиот драг колега и пријател, член на Меѓународниот советодавен одбор, Хакан Виберг почина на 3 јули 2010 година во Копенхаген. Судбината сакаше неговиот последен објавен труд да биде токму оној со кој го збогати нашето првенче – „Авганистанската војна во компаративна перспектива". Неговата брилијантна научна анализа нè обврзува: таа не само што е пример за секој научен работник како се пишува, туку претставува и далекувида анализа на еден глобален проблем кој уште долго ќе го мачи човештвото. Аманетот што Хакан Виберг ни го остава е од непроценлива вредност: тој ни помогна да воспоставиме високи стандарди за она што е научна анализа, квалитетен научен труд, критичка мисла и методолошка перспектива на мировните студии.

Проф. Хакан Виберг имаше извонредно богата научна кариера, која зборува за извонредно маркантен научен работник, еден од основачите на истражувањето на мирот и конфликтите во Европа, но и за активист и учесник во различни општествени движења во неговото време. Тој со гордост го истакнуваше и фактот дека заради приговор на совеста одбил да служи воен рок, во време кога тоа било казниво дело, за што отслужил и затворска казна. Името на Виберг е втемелено и во воспоставувањето на денес светски познатите мировни изнститути како PRIO и SIPRI, а беше долгогодишен директор на Институтот за истражување на мирот од Копенхаген (COPRI). Вреди да се нагласи и фактот дека тој беше и еден од основачите на високореспектабилниот *Journal of Peace Research*, а беше на раководни позиции на светските здруженија за мировни истражувачи, како IPRA и EUPRA. Неговата биографија е испишана со бројни научни дела, а за жал смртта го спречи во довршувањето на капиталното дело за распадот на поранешна Југославија, кое го подготвуваше заедно со Јохан Галтунг и Јан Оберг. Книгата ќе биде објавена постхумно благодарение на заложбите на двајцата стари пријатели и коавтори, кои знаат дека таа книга беше нешто за што Виберг сонуваше да го стори за време на својот живот. Не е тајна дека Виберг беше вљубеник во регионот на Балканот, а особено на поранешна Југославија. Овој ерудит, покрај шесте светски, ги говореше и локалните јазици, ја познаваше културата и историјата на народите од регионот. Но, за разлика од мнозина, тој пишуваше за крвавите конфликти со знаење и емпатија, а никогаш со желба да профитира научно на една високо-коњуктурна проблематика во последната деценија на дваесеттиот век.

Филозофскиот факултет, а посебно Институтот за безбедност, одбрана и мир му останува вечен должник на овој голем човек. Тој несебично ги помагаше сите напори за воспоставување и развивање на мировните студии на почвата на Република Македонија, беше наш чест гостин предавач, учесник на сите научни дебати, консултант и рецензент на нашите трудови. Духот на Хакан Виберг останува да живее во нас и со нас, особено заради факлтот што дел од неговото наследство во книги ни припадна нам и на нашите студенти. Библиотеката на Институтот ќе го носи неговото име.

*Безбедносни дијалози* имаат обврска да ги негуваат сите највисоки стандарди на кои нè научи нашиот учител од Скандинавија.

Хакан, ти благодариме! Почивај во мир!

Во име на наставниците и студентите на Институтот за безбедност, одбрана и мир,

проф. д-р Билјана Ванковска
главен и одговорен уредник на *Безбедносни дијалози*